Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 2 јануари 2025 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за уважување на приговор**

1. Приговорот на ЕНЕРГОЛИНК ДОО Скопје УП2 09-489/24 од 3 декември 2024 година против Решенија за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 15-20240705-101 од 2 септември 2024 и 15-20240705-100 од 2 септември 2024 година СЕ УВАЖУВА.

2. Решенијата за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 15-20240705-101 од 2 септември 2024 и 15-20240705-100 од 2 септември 2024 година СЕ ПОНИШТУВААТ.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да издаде ново Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во кое во новата пресметка ќе бидат земени предвид и останатите две фотонапонски електроцентрали кои се потенцијални баратели на приклучок во тоа подрачје.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## **О б р а з л о ж е н и е**

ЕНЕРГОЛИНК ДОО Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-489/24 од 3 декември 2024 година против Решенија за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 15-20240705-101 од 2 септември 2024 и 15-20240705-100 од 2 септември 2024 година на КЕЦ Ѓорче Петров, против техничкото решение односно висината на трошокот - поставување на 35kV кабел и учество во интервенција во трафостаница, поточно 70.124.155,00 денари за две фотонапонски електроцентрали од 625kW и 2375kW.

Според Електродистрибуција - Во двете РСПДМ кои се издадени за горенаведените парцели пресметани се суми на трошоци само за барателот. Доколку се појават и други баратели вкупниот трошок би се поделил пропорционално на сите баратели согласно побараната моќност.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 19 ноември 2024 година се На седница на Комисијата за постапување по Приговори одржана на 20 декември 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-478/24 од 3 декември 2024 година;

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 16 декември 2024 со прилог:
-Пресметка на трошоци
-Имотен лист
-Барања за согласност за приклучок

и на седницата се заклучи Приговорот да се разгледува на седница со физичко присуство на двете страни. На седница одржана на 25 декември 2024 година присутните ги изнесоа следните наводи:

Жалителот потенцираше дека моментално се прави дооформување на парцелата за уште 5.8MW. Претставниците од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје потенцираа дека моментално во приклучната трафостаница нема капацитет за да се исполнат сите 35MW. Има само за двете фотонапонски електроцентрали на жалителот и другите две фотонапонски централи кои се во близина, видно од GIS скицата која се разгледуваше на состанокот

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Согласно член 54 став (3) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24) ОДС може да издаде решение за приклучок во кое две или повеќе нови електрани за својот приклучок заеднички ќе користат еден или повеќе нови елементи на мрежата. Во таков случај, трошоците за изградба на новите елементи од заедничкиот приклучок ќе се поделат помеѓу електраните пропорционално на нивните номинални моќности доколку тие се единствени корисници на тие елементи и во потполност го искористуваат капацитетот, односно доколку обезбедениот капацитет е поголем од потребниот, учествуваат пропорционално само на капацитетот кој го користат.

Согласно став (4) од истиот член, во техничкото решение за приклучок на една или повеќе нови електрани ОДС може да земе предвид елементите на тој приклучок да ги користат и други електрани, кои подоцна ќе се градат, и за кои ОДС има веродостојни докази дека ќе се градат. Во таков случај, во распределбата на трошоците за изградба на нови заеднички елементи од приклучокот и/или за потребната реконструкција на постојните елементи на мрежата учествуваат и предвидените нови електрани пропорционално на нивните номинални моќности.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–489/24**
**2 јануари 2025 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**